**ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**

# П Р О Г Р А М А

Скопје
*Đekemvri* 2008 година

**СОДРЖИНА**

УВОД /ВОВЕД/
ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА................................................................ 1
НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА......................................................................... 2
ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА............................................................................... 3
НЕЗАВИСНО СУДСТВО............................................................................. 4
КРИМИНАЛОТ-МИНАТО ........................................................................... 5
МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ ......................................................................... 6
ОДБРАНА.................................................................................................... 7
ИНФОРМИРАЊЕ ........................................................................................ 8
СТОПАНСТВО ............................................................................................ 9
СТОПАНСКИ СИСТЕМ .............................................................................. 10
Непречена конкуренција ........................................................................ 11
Рамноправен регионален развој ............................................................ 12
Пазарна економија .................................................................................. 13
Пазар на пари и капитал ......................................................................... 14
Пазар на трудот ...................................................................................... 15
ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ....................................................................... 16
Фискална политика во функција на стопанскиот раст и вработеност .... 17
Зголемување и штедење на инвестиции .................................................. 18
Кредити,директни инвестиции и заеднички вложувања ........................ 19
Агресивна надворешно-трговска стратегија............................................ 20
Економија за подобар квалитет на живот ................................................ 21
Брз развој на малите и средни бизниси /ТД/ .......................................... 22
ЗЕМЈОДЕЛСТВО ....................................................................................... 23
ЕКОЛОГИЈА .............................................................................................. 24
НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА ........................................................................ 25
РАДИКАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ..................................... 26
КУЛТУРА .................................................................................................. 27
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА .......................................................................... 28
РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВОТО ................................................................. 29
ПРАВЕДНА И ДОСТОИНСТВЕНА СТАРОСТ .......................................... 30
ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА .................................................................... 31
ЖЕНИТЕ-РАМНОПРАВЕН ФАКТОР ........................................................ 32
МЛАДИТЕ ................................................................................................. 33
СПОРТОТ .................................................................................................. 34
БЕЛЕШКА ................................................................................................. 35

**ВОВЕД**

Повеќе од петнаесет години Македонија талка барајќи го својот нов пат:пат на самостојна и суверена држава,пат на демократско и економски развиено и јако општество,кое е способно да остварува и дели исти вредности со цивилизациски најразвиените држави во светот.Исто толку време релевантни или минорни по значење политички партии и личности се нудат да не предводат на тој пат,а при тоа ни го нудат своето знаење и умешност,своите програмски определби како и решенијата како тоа да го остварат и да не доведат замислената нирвана-земја на благосостојба.Многу од нив како властодржци грмеа,заглушувајќи не при тоа со големите ветувања и космичките брзини за нивно остварување.

Но што сторија,веќе е болно да се повторува.Од романтичарски идеи за проширување на државата ни,ја доведуваа често истата до очај и предлози за поделби и разграничувања.Од заложби за национални економии и неподелен суверенитет,ни наметнаа бројни меѓународни и неформални администратори.Од ветувања за големи вработувања остварија само болни приватизации и големи одпуштања од работа.Од ветувања дека ќе се справат со корупцијата,станаа челна перјаница на нејзиното метастазирање,а од гаранции за развој на нашата демократија ни го зацементираа насилството и примитивизмот во секоја клетка на општеството.

Според тоа,Република Македонија,за жал,не доби управувачко и јако лидерство,не доби власт со визија,со искрена посветеност,со доволно партиски чувства и компетентност да реализира таква стратешка ориентација.При сите досегашни избори одново и одново големото мнозинство од народот заморено од долгогодишните верувања за подобро утре,едноставно сакаше да поверува дека конечно ќе се соочиме со вистински,длабоки,фундаментални и позитивни реформи и промени од кои катадневно ќе одиме напред во демократијата,како и во безбедноста и економијата.И наместо просперитет,Македонија постојано си ја добиваше својата нова пустош.Народот се свикна на типот политичари кои по правило се покажуваа како недозреани,екстремно алчни,корумпирани и според последиците антимакедонски гарнитури.

Значи,Република Македонија доживеа многу капитулантски и бледи политичари кои народот го насочија во насока да избира меѓу две зла,а сепак, Република Македонија како мала земја на балканот не може да има просперитет доколку не биде единствена во дефинирањето и спроведувањето на потребните приоритети.На Република Македонија и треба комплетна обнова –практикување на власта со сосема поинаков стил и концепт,а пред се при тоа да се негува и висока политичка култура.Македонија има повеќе мудрост,повеќе знаење,како и поголема работливост,повеќе творештво,повеќе стручност,повеќе љубов и повеќе потреба од среќа за секој граѓанин одколку што досегашните политичари на власта покажаа самоволие,деградација на демократијата и незаситна партиска и лична алчност.Македонија е повеќе Европа и во своите исконски корени и во современиот облик и содржина одколку што довчерашните како и сегашните водачи просјачки ја валкаат и деградираат пред светот,И,конечно Граѓанинот на Република Македонија ,кој и да е,каде и да е,каков и да е,сфати

дека не мора да избира меѓу две зла,не смее да се определува за помалото зло,и се убеди дека крајно време е да не се пчомирува и да не прифаќа никакво зло.

## ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

-причини поради кои членовите на Iницијативниот одбор ја формираат Партијата за Европска иднина

## ЗОШТО ПАРТИЈА?

-за да ги потсетиме институциите и јавноста во Република Македонија дека во регионите:Струга,Охрид,Дримкол,Дебар,Жупа,Река,Кичевско,Гостиварско,Гора и Скопско живеат "заборавени" граѓани,за кои времето застанало во 19 век,и кои поради односот на државата кон нив единствената егзистенција ја побараа во Словенија,Австрија,Германија,Италија,Швајцарија,и во други Европски и др. Држави,а кои не можат перспектива да најдат во сопствената држава,и не да им кажуваме дека додека државата се движи кон Европа овие"торбешки"а посебно руралните средини присилно поради корка леб веќе се во Европа,и дека овие региони се прилично изолирани од другите региони во државата,длабоко заостанати на секој план,ТУКУ сами да си најдеме начин и политички да се здружиме и организираме за да почнеме конечно во прво лице еднина а за своја иднина со директно учество во политиката на државата да си ги решиме нашите политички,економски,инфраструктурни,образовни,спортски,културни и други животни потреби.
-за да кажеме дека ткивото на овој народ е загрозено поради таа неразвиеност и безперспективност,дека тоа иселување е уште подраматично доколку се знае дека поголемиот дел од овие региони се наоѓаат во пограничните предели на Р. Македонија.Тукашните луѓе без оглед на фактот дали се "торбеши" или се декларирани Македонци,Македонци-муслимани,Турци,Албанци,Бошњаци и др.и порано оделе на печалба,но и се враќале и ги обновувале огништата. Овој сегашен пат на печалба кон Европа најчесто е пат во еден правец.Овие вредни, мирни и достоинствени наши сограѓани не бараат милостина од својата држава туку тие од неа очекуваат пристојни животни услови,можност за чесна работа и почит.Ние ќе работиме во интерес на граѓаните на овие региони,длабоко при тоа верувајќи дека така работиме и во интерес на Република Македонија.
-за да кажеме дека Популацијата во овие делови на Македонија чиј мајчин јазик е Македонскиот,а религиски му припаѓа на исламот,а која популација некои од "милост"ја нарекуваат "торбешка" и која брои над 120.000 ширум Македонија,а најмногу во нејзиниот западен дел,ја красат:искреност,чесност,трудољубивост и родољубивост и бескрајна лојалност кон сопствената држава Р.Македонија.Тоа се луѓе печалбари одн.зидари,тесари,фасадери,столари,бравари но ги има и како професори,доктори,инжинери,правници,економисти,новинари и се дрго што го краси овој народ,кој печалбарството го наследил од деда прадеда,кој човечки ресурс од пред повеќе од триесет години го искористува Европа која знае што е квалитет и трудољубивост.
-за да кажеме дека решивме своите права сами да си ги бараме.Зошто?Затоа што скоро сите политички партии **ОВА** население редовно,во предвечерието на сите досегашни избори му ветуваа подобар живот,за да веднаш потоа да го отфрлат и остават на маргините на случувањата и одлучувањата.А скоро секогаш кога

требало нешто да добиеме:партиите од Македонскиот политички блок беа кон нас резервирани и не отфрлаа поради нашата верска различност,Партиите од Албанскиот и Турскиот политички блок не отфрлаат при делбата на функциите поради јазикот на кој зборуваме,поради што сметавме дека имаме потреба од наше политичко организирање  во политичка партија.

Крајно време е нашите разлики да си ги преточиме во наша сила што ќе не мобилизира да си го пронајдеме патот до себе,интелектуално да се здружиме и веќе еднаш да собереме храброст,да го фатиме и да го линчуваме тој никаквец " торбешкиот" инстикт –се да сакаме само себеси не,кој не турка во масовна интелектуална дремка.Знаеме дека голем е бројот на наши учени драги интелектуалци кои недвосмислено го прифаќаат ова наше политичко и морално здружување,а знаеме и дека има и колебливи меѓу нас,а токму нив сакаме да ги охрабриме и да ги прашаме: колку ли време ни треба уште за да сфатиме дека е ова време на математика во политиката со јасен одраз во нејзината практика.

Вшушност на кои луѓе е оваа партија?На Автохтон народ на своите прадедовски огништа,преморени од докажување,а "торбеши" наречени заради понижување.А таа,пак,историјата,нивната "маќеа"како за инает одвреме навреме им ги отвара старите проклетства,едни да им забележуваат на јазикот, други за верата како определница за националното,трети пак религиозниот предзнак им го земаат за грев.И така,живот живеат загледани во иднината,ама како да се многу повеќе загрижени за сегашноста.Нејзиното височество политиката пак,како да ги сместила во резерват на необезбедени ловишта,каде се оставени да се бранат со надежта,без комуникација со реалноста каде што со неподнослива леснотија се затемнува судбината на еден народ само затоа што некој си зел  право криво да ги толкува нивните судбински константи.А кои се тие?Тоа се луѓе со неодминлива патетика и старо-нова драматика,луѓе врз кои сите си ја тренираат својата духовитост и си ја потврдуваат националната како и политичката супериорност,но и својата духовна беда и политичка сиромаштија , луѓе кои премногу ја сакаат оваа земја и никогаш не се рамнодушни спрема она што се случува со неа.Лојалноста спрема неа никогаш не била наш анестетик, туку чувство кое вековно го негувал овој народ,а за возврат,оваа држава и политика со децении ништо особено не поместиле над нивното тегобно небо.

Нашиот народ е длабоко свесен дека сите очекувања и не треба да се лоцираат само во државата.Ама толку да ги маргинализираат,сепак,како да е премногу.Одкако се уверија дека и во новиот плурален амбиент останаа пак заглавени,во непремостивиот лавиринт на политиката,која редовно им ја всадува безнадежноста како задолжителна алтернатива.Но овие луѓе нешто и научија од тоа што страдаа.Ако не си ја наполните чинијата сами,нема да ве примат ни во унијата.Плурализмот како да ни понуди,аниe прифативме, рашомонијада  во нашето политичко определување  што е посебна приказна за себе.Плуралниот амбиент изроди уште поповолна клима за емисарите на ѓаволот меѓу нас кои секогаш одпосле ни кажуваат колку ни наплатуваат за услугите.Го прифативме граѓанскиот видик како наш предизвик во политиката, што не е лошо,но лошото одпосле излезе.Бројките на нашите вработени во системот,особено на одговорни места,е повеѓе од загрижувачка,а уште полоша е синтагмата и тоа излитена-"немате луѓе".Сепак,во нашите редови имало и има луѓе кои интелектуално ја надминувале динамичната визија на нивната возраст.

Поради тоа,и во име на вистината и на нашата надеж,се сплотивме, за да му ја симнеме безнадежноста на својот народ,зашто само со безнадежен народ  најлесно се манипулира.На политичките партии во кои членувавме

досега ,алалок за измеќарлокот што го чиневме не им даваме. Да си го најдеме нашиот интерес и да си ги оствариме нашите животни и политички интереси.

Во остварувањето на личните интереси,политичките партии,а пред се политичките раководства на партиите,ги заборавија интересите на граѓаните и на најдржок начин им ги оспорија уставно загарантираните права на граѓаните во речиси сите области на нормалното живеење.

И предходната и сегашната власт-во чии мандати партиципираа речиси сите политички партии,го изведоа процесот на приватизацијата на крајна штета на вработените,освен во некои високопрофитабилни фирми каде што дел од вработените добија по едно мало делче од колачот /но затоа раководствата имаа личен интерес од приватизацијата/а во останатите фирми работниците си останаа во неизвесност чекајќи ја правдата и правичноста која е пропишана во Уставот на РМ,каде секој поединец има подеднакво право на работа заради обезбедување нормални услови за живот.

И предходната влада и сегашнава се натпреваруваат да докажат колку вработени за нивното владеење останале без работа,наместо да се борат за нови работни места,а невработеноста во нашата држава ги соборува сите Европски и Светски рекорди.

Во Заводите за вработување за кратко време се преселија 2/3 од сите работоспособни граѓани.

За да дојдат на власт,сите политички партии за време на изборите им ветуваа рај на граѓаните,но за жал,тие набргу ги покажаа своите лаги како и сите лажни ветувања брда и долини.

За граѓаните дојде крај на нивната надеж и верба дека тие за кои што гласаа,т.е.оние истите на кои им ја дадоа својата доверба,ќе им обезбедат пристоен живот и егзистенција.

Преполни од празни и лажни ветувања се организираме во еден силен политички субјект,преку кој на сите предходници ќе им порачаме **“ДОСТА НИ Е ОД ВАС,ДОВОЛНО ВИ БЕШЕ,ОДЕТЕ СИ !!!”.**

Ние,и нашата политичка партија,која навистина произлегува од напатениот народ **ИМ** порачуваме на сите граѓани дека ние ветуваме еднаквост и рамноправност на сите пред законите и пред Уставот на РМ,и тоа без разлика на етничката,на политичката,на јазичката или верската припадност.

Нашата партија ќе се заложи за признавање на Уставното име на РМ како и признавање на Македонскиот јазик од страна на целокупната светска јавност и од сите држави членки на Организацијата на обединетите нации. Меѓународната заедница многу некоректно на Македонија и наметнува времено име референца-спротивно на важечките норми и на важечкото право.Во овој случај флагрантно се крши Повелбата на ОО од 1945 година,а грубо е погазено и мислењето на Меѓународниот суд на правдата од 1948 година,со кое не е допуштен никаков притисок врз државите кои ги исполнуваат условите за меѓународно признавање утврдени во повелбата на Обединетите нации.

Во остварувањето на нашите политички заложби најголем придонес треба да дадат граѓаните на РМ без разлика на нивната етничка припадност,да ги отфрлат политичките интриги на политичките раководства кои само преку развивањето на националната омраза и конфронтација сакаат “да покажат” колку се грижат за својот етникум,а да забораваат при тоа на уништеното стопанство и на голата егзистенција што му остана на граѓанинот.

Ги повикуваме сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната етничка припадност,да ни се придружат нам заради остварување на заедничката цел:

**1.Мир,**
**2.Праведност,и**
**3.Економски просперитет .**

Заедно ќе бидеме посилни од сите.

Потребно е целосно разбирање на сите држави од регионот со своето учество да дадат придонес во надминувањето на традиционалните недоразбирања меѓу соседите.

Сето тоа ќе бараме да биде подржано од Европската заедница /каде ни е признат статусот земја –кандидат за прием во ЕУ/ и САД како главни носители на стабилноста на балканот и пошироко.

Ваквиот приод ќе обезбеди единство на државната територија, а со тоа и еднаквост во правниот статус на целокупното население,без оглед на неговиот етнички состав или на други белези.

Со тоа уште на самиот почеток ќе ги изедначиме во правата сите националности кои живеат во Република Македонија,а и оние кои не постојат во постоечкиот устав /што не значи дека низ политичка борба нема да влезат во уставот/ акои со тоа се ставени во нерамноправна положба.

Оваа партија ќе биде партија во која нема да има ниту едно име во раководството кое до ден денешен имало можност да се”покаже колку вреди во politikata “.

Уште на самиот почеток имаме иницијатори кои ја подржуваат нашата иницијатива за формирање на оваа партија и тоа членови од сите етникуми кои живеат во Република Македонија и од сите социјални нивоа,затоа што на сите им треба ваква партија со поглед кон Европа и партија која сака да обезбеди развој на стопанството и економијата,а не развој на национализмот.

Токму поради тоа,Ви порачуваме и Вам да ни се приклучите, затоа што заедно сме посилни,заедно ќе си ја вратиме довербата во својот народ а и довербата во примената на законите и Уставот и довербата во државата.

**НИЕ ВЕРУВАМЕ ВО ЕВРОПСКАТА ИДНИНА,А ВИЕ.....?**
**ЗАТОА,ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ И УВЕРЕТЕ СЕ.**

Партијата за Европска иднина е политичка партија на центарот, изградена на граѓанска опција со посебно почитување на еднаквоста како и на праведноста,која врз најширока основа нуди обединување на сите демократски определени граѓани,независно од нивната етничка,конфесионална,социјална и културна припадност,граѓани на кои пред се и над се им е важен интересот на народот ,неговата благосостојба.

Партијата за Европска иднина недвосмислено ќе се залага за зачувување на државниот суверенитет и на самостојноста на Р .Македонија, нејзиниот просперитет и нејзината Евро-интеграција,преку изградба на нашата држава како граѓанско општество и демократија заснована врз Европски идеи и стандарди за индивидуалните права и слободите на граѓанинот,сестран развој на

добрососедските односи во регионот и пошироко врз принципите на взаемна доверба и почитување.

**ПЕИ** е партија на слободни и одговорни индивидуи,луѓе со цврсти граѓански определби,длабоко свесни за должноста што ја преземаат пред својот народ и пред сопствената совест.

Тоа е современа Европска партија која се стреми кон достигнување на постоечките европски стандарди во сите релевантни сфери на нашето живеење.

Партија која им се обраќа на сите граѓани на нашата земја кои со висока почит се однесуваат кон нејзиното минато,загрижено гледаат на она што се случува во сегашноста,длабоко верувајќи во можноста за нејзина подобра иднина.

Партија-според која услов за опстанок и за просперитет на секое модерно граѓанско и одговорно општество е слободната,еманципирана, и Европски ориентирана,солидарна и правдољубива личност,

Партија-за која вредност над сите вредности е поединецот, неговото достоинство,неговата вкупна благосостојба,

Партија-за која најважен критериум за вреднување на човекот и за определување на неговото место во општеството е лојалноста,личната способност,трудољубивост,етичност,хуманоста и правичноста и сето тоа што произлегува од овие основни вредности,и квалитети.

## НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

**Партијата за Европска иднина**:

- Ќе настојува да ја оспособи Република Македонија активно да придонесува во напредокот на демократските процеси на балканот,
- Ќе се залага за балканот како зона на мирот,за неменливост на постоечките граници во регионот,со отворени врати за праведност и за меѓусебно почитување,
- Ќе бидеме темелно насочени кон залагање за Европа и на малите народи,за Европа што ќе го почитува нивниот национален и културен идентитет,за рамноправно комуницирање и за поврзување на големите и малите по принципот на праведност,во стпанството во науката и во културата,
- Ќе се залага за меѓународна презентација,за афирмација и заштита на правата на Македонскиот народ и на сите други народи и деловите од дргите народи кои живеат во РМ,за унапредување на граѓанските,историските,културните ,научните,економските и други вредности,како и за унапредување на сите загарантирани човекови права и слободи на граѓаните,
- Особено ќе се залагаме за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија во светот а за таа цел ќе формираме посебно тело во состав на Министерството за надворешни работи кое ќе работи на укинување на визниот режим за граѓаните на РМ за сите земји во светот.

Па зарем нашите граѓани не можат слободно да се прошетаат како туристи нив нивните држави,а пред тоа да не чекаат и да не бидат малтретирани со денови и

недели пред нивните амбасади во желбата да добијат виза за посета на нивните држави,и на своите најблиски кои живеат низ целиот бел свет?

## ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА

Партијата за Европска иднина е поборник на концептот на држава со ограничени и со прецизно дефинирани надлежности.Секаде каде што не е тоа нужно,во интерес на поголема рационалност и ефикасност,работите треба да и се препуштат на слободната иницијатива.Темелната реформа на државната администрација и на јавната управа,нејзината целосна деполитизација како и нејзиното пополнување со рамномерна застапеност на сите граѓани, но и со почитување на принципот на компетентност подеднакво за сите без оглед на етничката,на верската и на политичката припадност е предуслов за ефикасно поставување и функционирање на демократскиот политички и економски поредок во државата.

ПЕИ се обврзува да обезбеди доследна поделба на власта на: законодавна,извршна и судска,како еден од основните уставни и политички принципи.

Партијата за Европска иднина е:

- за самостојност и независност на законодавната и извршната власт,за нивна меѓусебна контрола и за самостојно судство,
- за нов уставен и политички систем во кој граѓанинот ќе биде доминантен и единствен фактор,каде што етничките обележја ќе бидат само симболи на приватното право на граѓанинот при неговото лично изјаснување,на граѓанинот поставен во центарот, создавајќи уставно-правни претпоставки за реализирање на еден долг и никогаш незавршен процес на заштита и усвојување нови слободи и права, токму поради што,ПЕИ ќе се залага за
- систем во кој човекот и граѓанинот ќе биде заштитен од злоупотреби на власта,
- за градење и зацврстување на изгубената доверба на граѓаните во институциите на системот,зашто вистинскиот легитимитет на граѓанското општество се гледа во довербата и во приврзаноста на граѓаните кон неговите институции,
- за заштита на институциите во системот од злоупотребите од страна на оние што се на власт,
- за почитување на институционалните механизми и на дефинираните процедури,како најдобра заштита од упадите на популизам и демагогија кои преставуваат реална опасност во транзиционите општества,
- за целосно транспарентно право во одлучувањето на власта во сите области,
- за воспоставување систем на политичка и на друга индивидуална одговорност за носителите на државни функции,
- за враќање на етиката и на апсолутно почитување на законите и на Уставот како најголема придобивка на носителите на јавни функции
- за остварување на ефикасно влијание и за контрола на граѓаните врз парламентот со средства и облици на непосредна демократија како и одлучување,

- за децентрализација како фундаментален праведен систем,бидејќи граѓаните имаат неотуѓиво право да решаваат за основните потреби,и
- за локална самоуправа што ќе создаде оптимална рамка за решавање на локалните проблеми таму каде што тие се создаваат,бидејќи без локална самоуправа нема демократски политички систем.

## НЕЗАВИСНО СУДСТВО

Независно,одговорно и ефикасно судство е основен предуслов за непречен економски развој на државата,за заштита на основните човекови права и за сигурност на граѓаните.Судството мора да биде целосно независно од извршната власт,вистински деполитизирано и одговорно пред граѓаните.ПЕИ се залага за независен систем на финансирање на судството,без влијание на власта и за исклучување на каква надлежност на Министерството за правда врз судот,а ПЕИ се залага за реално вреднување на трудот на судиите,со што трајно ќе биде елиминирано митото и корупцијата во судството.ПЕИ се залага за прецизно и цврсто утврдени механизми на јавна контрола врз работата на судиите,познати во демократските системи.

## КРИМИНАЛОТ-МИНАТО

Драматичното зголемување на криминалот како последица од лошата економска состојба и од злоупотребата на моќта на државната власт, налага да се отвори и запоставеното прашање за безбедноста на животот,за личната сигурност и за безбедноста на имотот на секој граѓанин.

На овој план државата е виновна не само со она што го прави,туку, исто така,и со она што не го прави,а должна е да го направи,т.е.енергично да застане на патот на криминалот.Токму поради тоа Партијата за Европска иднина се залага:

- за спречување на корупцијата и на поврзаноста на власта со криминалните структури,
- за прераснување на полицијата од сервис на власта во безбедносен сервис на граѓанинот,
- за прецизирање на правата на полицијата со посебен Закон со кој строго ќе се дефинираат нејзините обврски,
- за прецизна законска заштита на приватноста на граѓанинот,
- за вистинска реформа на МВР во согласност со потврдените искуства на демократските држави,со целосно издвојување на функциите на државната безбедност во посебна служба надвор од МВР, и
- за издвојување од МВР на оние органи и служби што вршат јавни граѓански услуги-матична евиденција и сл.

## МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ

Во Република Македонија мора да се градат односи на меѓусебно разбирање и уважување и заедништво,насочени кон заедничките цели за просперитет и за благосостојба на сите граѓани.

Меѓуетничките односи во Република Македонија,односи какви што ретко познавала Македонската историја,мора да се уредуваат демократски,и тоа со дијалог и меѓусебна толеранција,без репресија и наметнување,во духот на граѓанско-демократскиот концепт.

Секој граѓанин мора да биде максимално заштитен од каков било облик на дискриминација.

Во една праведна држава сите права се однесуваат на сите граѓани.

## ОДБРАНА

Концептот на Партијата за Европска иднина е општонародната одбрана на државата,а не претензивно и агресивно војување.

Одбраната на РМ треба да се потпира на малубројна но добро и ефикасно организирана и современо опремена армија.

Одбраната во мирновременски услови да се потпира на платени професионални војници и старешини.

Во случај на агресија врз нашата земја,сите граѓани на РМ,како што е предвидено во Уставот,имаат должност организирано да ја бранат.

Служењето на воениот рок на воените обврзници да биде по принципот на цивилно служење на воениот рок,во траење од 6 месеци,со што би се заштедиле огромни средства кои ќе се искористат за побрзо осовременување на армијата според НАТО-стандардите.

АРМ да се димензионира според реалните потреби и можности на државата и според стандардите неопходни за асоцијација и за интеграција во евроатлантскиот систем на колективна безбедност.

На припадниците на АРМ да им биде обезбеден статус соодветен на значајната општествена функција што ја вршат.

## ИНФОРМИРАЊЕ

Свесна за фактот дека само добро и сестрано информираниот граѓанин може да биде активен и одговорен учесник во демократските процеси Партијата за Европска иднина е за стриктна реализација на уставните норми за слободата на говорот и јавното информирање.

Поради тоа,ПЕИ:

- ќе инсистира да биде донесена регулатива што ќе биде основа за непречено создавање на јавни гласила,истовремено оневозможувајќи основање монополи и хоризонтално поврзување,т.е.концентрација на различни видови на медиуми во рацете на еден ист сопственик,
- ќе се залага за создавање услови за политичка или за економска самостојност на медиумите во РМ и за здрава и продуктивна конкуренција на слободни,професионални и одговорни новинар

## СТОПАНСТВО

Стопанството во Република Македонија е во колапс.

И предходната и сегашната власт му зададоа смртоносни удари на стопанството со толку очекуваната приватизација и со несоздавањето поволна почва за привлекување на странски капитал.

Се изврши грабеж со продажбата/приватизацијата на најголемиот број претпријатија,работниците масовно се одпуштаат од работа,а натпреварот во евидентирање на невработеноста на минатата и на сегашната власт е единствениот инструмент за меѓусебно обвинување и за докажување која власт одпуштила повеќе работници од работа наместо да се натпреваруваат за колку е можно поголемо вработување.

Токму Партијата за Европска иднина ќе се грижи за заживување на стопанството и за колку е можно поголемо вработување,а не само за евиденција на невработеноста.

Затоа ПЕИ,доколку ја освои власта,ќе мора да направи ревизија на транзицијата и на продажбата на сите поранешни правни субјекти,и ќе изврши праведна ревизија на продажбата на сите поранешни фирми со ангажирање на независни странски експертски тимови и со формирање на експертски тимови со преставници од сите политички парламентарни и вонпарламентарни партии, како и со регистрирани здруженија на граѓани,со што ќе сњe стави крај на оваа агонија од злоупотреби на сегашната и на минатата власт.

Со тоа ќе го отвориме патот за странските инвестиции кај нас.

Ќе се залага за развој на индустријата за преработка на здрава и еколошка храна,затоа што тоа е единствената реална можност за остварување приходи и за конкурентност на светските пазари.

Особено ќе се залагаме за искористување на нашите рудни богатства,бидејќи на светот тие му требаат.

Развојот на туризмот ќе биде наша постојана обврска.

Остро ќе се спротивставиме на монополизмот,а особено на државниот монополизам.

Сите правни субјекти ќе бидат рамноправни на пазарот и во областа на трговијата.

Владеењето на правото,слободниот пазар,претприемништвото и објективната кадровска политика ќе биде мото на стопанисувањето.

Ќе бидат стабилни царинските квоти и тарифи,фискалниот товар, одлуките на монетарната политика,ќе има едношалтерки систем на регистрација на фирми,условите за вложување на странски капитал ќе бидат еднакви за сите кои ќе сакаат да инвестираат,а ќе се залага и за посебни поволности и даночни олеснувања при странските инвестциони вложувања.

## СТОПАНСКИ СИСТЕМ

Партијата за евртопска иднина длабоко верува дека пазарната економија е најдобриот рецепт за приватната иницијатива,за ослободувањето и за стимулирањето на креативниот потенцијал и на силите на луѓето.

Затоа се залага за изградба на стопански систем кој овозможува непречено функционирање на пазарното стопанство.Меѓутоа познато е дека

слободниот и нерегулиран пазар произведува регионални економски нееднаквости и монополски структури.

Како последица од тоа,ПЕИ смета дека изградбата на пазарното стопанство кое обезбедува рамковни услови за еднакви шанси,покрај другото особено бара:

**-Непречена конкуренција**

Без конкуренција,стопанските системи ја губат својата отвореност,а со тоа и својата иноваторска сила и динамика.Формирањето на монополски,олигополски или разни картелски структури се директно насочени против конкуренцијата,како што против конкуренцијата можат да бидат насочени и разни видови интеграции.Уште повеќе против конкуренцијата,а со тоа и против принципот на еднакви шанси може да биде насочено дејствувањето на државните органи /како што е кај нас/можат да сеизложени на дискриминација некои или други фирми да бидат привилигирани /и тоа со селективна примена на законот,со царински и даночни привилегии како и со наместени лицитации,со монополизирани информации и сл/. Затоа ПЕИ ќе предложи закон со кој ќе се елиминира ограничувањето на конкуренцијата и ќе биде решение против нелојалната конкуренција.

**-Обезбедување рамномерно регионално ниво на развиеност**

ПЕИ смета дека принципот на еднакви можности преставува само една гола фикција,доколку регионалните разлики во степенот на развиеноста на одделни подрачја во РМ одн.општини во РМ,се карактеризира со сегашните големи разлики во развојот.Струга,Дебар,Река,Жупа,Маврово, како и Македонски брод,Самоков и др. Се само најгруба парадигма за нашите регионални дисторзии,за неуспешната политика за порамномерен региоанлен развој и сведочат за експериментите со системот на локалната власт кога се укинуваат успешни општини /како пример Лабуништа/ а се формираат нови и нефункционални општини.

Токму поради тоа ПЕИ ќе предложи ефикасен систем и мерки, како и политика на финансиско изедначување,со кои позабрзано ќе се врши одстранување на разликите во квалитетот на животот меѓу одделните општини во РМ односно ќе создаде услови за еднакви шанси во животот на сите граѓани на Република Македонија.

**-пазарна економија**

Пазарната економија не може успешно да функционира без истовремено успешно функционирање на сите видови пазар,на стоки на пари и на капитал,на работна сила.

Забавениот развој на пазарот на пари,на капитал,како и на уредувањето на пазарот на работната сила се евидентни. ПЕИ се залага за развој на:

**-пазар на пари и капитал**

- ќе подготвиме побрзо имплементирање и доминација на индиректните инструменти на монетарната политика,како што се на пр.
- операциите на отворениот пазар,задолжителната резерва, дисконтната стапка,ломбардните кредити,
- ќе ја поттикнеме понудата на обврзниците /на државата и централната банка/,
- ќе подготвиме целосна регулатива на заштита на акциите,и
- ќе обезбедиме финансиска дисциплина,а ќе го одстраниме илегалниот платен промет.Платниот промет ќе го вршат овластените банки.Тоа ќе придонесе да се спречи политичката контрола над фирмите во платниот промет,кои во овој период интензивно се селектираат според реалното или според предпоставеното политичко мислење на нивните менаџери или сопственици.

**-пазар на трудот**

- Работната сила е најзначајниот ресурс од кој пресудно зависта растот и развојот,а ние
- значително ќе го подобриме квалитетот и усовршувањето на работната сила.Министерството за труд и социјална политика ќе го организираме во институција во која компонентите развој и унапредување на работната сила ќе го добијат своето нагласено место.Во таа насока ќе вршиме институционална поврзаност и соработка меѓу:
- учесниците вклучени во образованието,учесниците кои вршат обука на работниците,преставниците на институционализираниот пазар на трудот, како и преставниците на заводот за унапредување на продуктивноста на трудот кој треба целосно да се реорганизира,редефинирајќи го предметот на својата работа и секако,со активно учество на преставниците на бизнисот,
- ќе издвојуваме средства за обука на работната сила,целосно ослободени од оданочување,
- ќе дејствуваме против монополот на работното место,но и против шиканирањето на работникот.Законот за работни односи треба да биде и ќе биде универзален законски акт со кој се регулираат трудот и работните односи како и чувањето на достоинството и интегритетот на работникот,а и
- ќе донесеме Закон за слободно синдикално организирање на работниците и нови законски решенија за организирање на работодавачите.

## ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

Реформите се во застој,што значи дека се влечат многу погрешни потези и дека мерките што се преземаат се несинхронизирани, поради што ПЕИ се определува за:

- макро-економска политика,ефекти врз растот на доходот,на вработеноста и врз платниот биланс на државата,
- за монетарна политика во функција на економска стабилност,на стопанскиот раст и на вработувањето.

Функцијата на монетарната политика не смее да се сведе само на одржување на однапред таргетиран девизен курс,независно од промените на другите макро-економски варијабили.Девизниот курс не смее да биде цел сам за себе,туку да биде реална варијабила во функција на концепцијата за отворено стопанство што ќе резултира со негово поврзо развивање.

**-Фискална политика во функција на стопанскиот раст и на вработеноста.**

За таа цел ПЕИ се залага,

- значително да се намали релативното учество на јавната потрошувачка во општествениот производ.Слабите плеќи на стопанството не можат да го издржат денешниот даночен товар,
- да се обезбеди фискална дисциплина која подразбира политика на строги буџетски ограничувања и ригорозна,неселективна наплата на даноците од страна на обврзниците,и
- ригорозна контрола на трошењето на средствата за јавна потрошувачка /по намена и продуктивност/.

**-Зголемување на штедењето и инвестциите**

Без инвестиции нема стопански раст и нови вработувања,нема технолошки иновации,ниту рамноправно вклучување во светската економија,а без заштеди нема инвестиции.За жал,формирањето на акумулација од нашето домашно штедење е обесхрабрено од фактот што и во областа на штедењето навлезе организираниот криминал.Поради тоа Партијата за Европска иднина се залага,

- државата да ја исполни својата обврска за враќање на долгот кон девизните штедачи во разумен рок.

  Заради побрзо враќање на долгот,доколку дојдеме на власт,на штедачите ќе им понудиме да преземат дел од акциите што ги поседува државата во фирмите кои во моментов ги продава на берзата,а со тоа ќе им дадеме можност на штедачите сами да си ги продаваат преземените акции на берзата,со што побрзо ќе дојдат до своите пари,а оние кои ќе видат интерес во фирмите каде што ќе земат акции можат и дополнително да вложат и свои пари,со што би се забрзал развојот на тие фирми.

  Да профункционира целината на правниот систем кој што на ригорозен начин ќе го санкционира криминалот и ќе обезбеди да дојде до израз уставната определба за неприкосновеноста на сопственоста и на правата.
  Да се зголеми ефикасноста и одговорноста на контролните механизми на Централната банка,како и да се забрза соодветна институционализација на субјектите за осигурување на дел од заштедите ,а и со
  Законите да се обезбеди систем на јавно следење на бонитетот на финансиските институции /банки,штедилници,осигурителни фирми,и институционални и други фондови.

**-Кредити,директни инвестиции и заеднички вложувања.**

Потребата од користење на странски финансиски средства и развој на нашето стопанство е неспорна.Меѓутоа начинот на доаѓање на тие средства мора радикално да се измени.Наместо досегашниот најскап извор на користење на финансии од странство-комерцијалните кредити,ќе сториме се со цел да се привлечат директни странски инвестиции. А,за таа цел ПЕИ ќе понуди :

- целосна правна сигурност на странскиот капитал,
- непроменливост на условите под влегол странскиот капитал,
- максимални даночни и други бенефиции за странските влогови,а и ќе извршиме темелни измени во законот за странски концесии,бидејќи постојните решенија не се стимулативни.

**-Агресивна надворешно-трговска стратегија**

За да се совлада овој фундаментален проблем,ПЕИ нуди:

- политика на отворено стопанство,но и заштита од нелојална конкуренција,
- јасна стратегија и политика на кредитирање на извозното стопанство
- водење на политика на конкурентен девизен курс како главен инструмент за стимулирање на извозот
- стабилност на инструментите и на мерките со кои се определува режимот на надворешно-трговското работење.Тоа не смее да биде

резултат од притисоците на лобистичките групи и на личните интереси на владини и други функционери.Не смеат преку ноќ да се менуваат царинските тарифи,увозните квоти,режимите за увоз,забраните и ослободувањата на разни видови стоки,да се стават под режим производи кои не се ниту конкуренција,ниту супституција на исто или слично домашно производство.

- настојување за унапредување на соработката со колку е можно поголем број земји,за да се одбегне еднострананата зависност од пазарите на некои земји.

**-Економија за подобар квалитет на животот**

Нашиот концепт за развој на стопанството мора да биде најдобар можен начин за да ги разреши,проблемите на невработеноста,проблемите со ниските плати и труењето на почвата и атмосферата.Затоа нашата концепција нуди :

**-Брз развој на малите и средни претпријатија**

Партијата за Европска иднина нуди:
-погодна клима за подем на мали и средни претпријатија,
-уреден стопански систем и стабилна економска политика,
-поедноставено водење на книговодството,
-елиминирање на честите измени на даночниот систем.

Традиционалната недоверба на владеачките партии како и на оние пред нив кон приватниот бизнис создаде атмосфера финансиските институции да имаат резервиран однос кон малите и кон средните претпријатија,бара да

-обезбедиме подобар третман од страна на банките,
-ќе усвоиме прописи со кои ќе се намали ризикот,а и ќе ги смениме -одредбите кои доведуваат до прелевање на доходот меѓу кредиторите и должниците.Би се вовела девизна клаузула одн.врзување на главницата на долгот за нејзината денарска противвредност изразена во стабилна валута.

**ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

Во земјоделството ќе извршиме вистински реформи,затоа што сметаме дека тоа е целосно уништено и заборавено од поранешната и од сегашната власт.Тоа за нас ќе преставува еден од столбовите за живот на голема популација на граѓани,затоа што нашата геоположба дозволува максимален развој на земјоделието.Производството на здрава и еколошка храна за светот е пермаментна обврска и потреба,а кај нас,освен географската положба,и нашите водени ресурси се посебна предност за високо развиено земјоделство.

Ќе обезбедиме многу поволни услови за развој на земјоделието а во согласност со нашата стратегија за развој на прехранбената индустрија.Тоа ќе биде фактор за голем прилив на девизи,а со тоа и за реално вреднување на трудот на земјоделецот кој со векови е обесправен.Со ПЕИ земјоделците ќе си го дочекаат долгоочекуваното право на признавање на нивниот труд и негово адекватно вреднување,онака како тоа се праи во Европската заедница каде се работи по принцип на обезбедување на пласман и редовно субвенционирање на производството од страна на државата.

Во иста мерка и сточарството ќе стане посебен фактор за развој, затоа што во РМ имаме неисцрпни природни богатства.Неприфатливо е нашата земја да увезува месо и месни производи,млеко и млечни производи,жито и се друго ,при тоа да има голем одлив на девизи,кога ние можеме да бидеме и те како ризница за извоз на најквалитетни месни производи и сточарството како и пољоделството да ни носта многу девизи во државава.

Затоа ќе подготвиме посебни закони за стимулација на развојот на земјоделството и сточарството.

**ЕКОЛОГИЈА**

Партијата за Европска иднина се обврзува да гради еколошки одговорна држава,со еколошки одговорно стопанство и со еколошка јавност втемелена врз едуцирани и одговорни граѓани.Посебно значајно прашење е признавањето и определувањето на цената на еколошката заштита во цената на производот и развојот.Посебно ќе се грижиме за еколошката чистота на водите и тоа како реките така и езерата во Република Македонија.

Енергетската политика на Македонија мора да води сметка за својата еколошка оправданост.Преку низа мерки треба да се стимулира штедењето на енергијата,како и користењето на обновливите извори на енергија а решавањето на енергетските проблеми во македонија  го гледаме преку изградба на  повеќе хидрцентрали на реките во Република Македонија.

## НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

Третманот на науката треба суштински да се промени и таа непосредно да се поврзе со технолошката и со образовната сфера во развоен комплекс што ќе го генерира општествено стопанскиот подем на државата.

Посебна подршка ќе имаат истражувањата кои низ своите програми нудат видливи економски или социјални ефекти.

Нужно е поактивно вклучување во Европските програми и проекти,а и оспособување на кадрите и тос според Европски параметри.

## РАДИКАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Од причина што образованието не е потрошувачка,туку е инвестција во здрава иднина на младите,ќе се залагаме за координираност на образовниот систем со потребите на стопанството и тоа:

-менување на запуштениот образовен систем,

-воведување приватни училишта и тоа од основно до високо образование,

- нова уписна политика за средното и високото образование,

- соодветно наградување на наставниците,бидејќи државата не смее да штеди на образование,

- прифаќање на организација и функционирање на приватните и на државните училишта и универзитетите во средно и високо образование под и тоа под исти правила и критериуми стимулирајќи ги конкуренцијата и квалитетот во образованието,

- автономија на универзитетите во Македонија,идентична на старите Европски универзитети,

- изградба на систем на финансирање во кој државата во кој државата ќе биде само еден фактор,недоволен да ја преземе клучната позиција во управувањето и прифаќењето на строги критериуми за квалитетот во студирањето, и

- стекнување на таква позиција на универзитетот која што ќе гарантира дипломите издадени за завршено високо образование да бидат валидни во било која земја во светот.

## КУЛТУРА

Културното и уметничкото творештвоп низ вековите се покажа како еден од основните столбови на развојот на Република Македонија.А за заштитата на спомениците на културата,како и за преставувањето на истата пред светот нашата партија ќе посвети посебна грижа и внимание. ПЕИ ќе

- се залага за слободно творештво,ослободено од политика,
- за слободно создавање на културни вредности и институции,
- за стимул на пазарното однесување во културата,
- за државна помош на културните дејности и тоа на начин како тоа функционира во модерните Европски друштва.

## СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Екстремните социјални раслојувања,кои ги поставија едни против други малкуте богати и многуте сиромашни слоеви на населението,доведува до опасна дестабилизација на општеството и државата.

Државата мора во рамките на своите можности да им обезбеди социјална сигурност на своите граѓани,а пред се да им создаде услови за работа, а посебно на младите кои се во зенитот на творечките сили,оти сметаме дека слабите не можат да зајакнат со слабеење на силните,и дека на оние што работат нема да им се помогне со уривањето на тие што исплаќаат плати,а на сиромасите нема да им се помогне со уништувањеето на богатите.Токму затоа се потребни вистински реформи во социјалната политика,од распределбата на средствата на фондот за социјално осигурување до доследна примена на критериумите за доделувањее социјална помош на оние на кои им треба.За деца до 10-годишна возраст и за лицата постари од 70 години,доколку ја освоиме власта ќе обезбедиме бесплатен градски превоз.

## РАДИКАЛНИ РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВОТО

Ќе се залагаме за донесување современ Закон за здравствена дејност,со приоритет на превентивна медицина,исклучително во приватна сопственост,и вработувањее на сите доктори кои чекаат работа.

Ќе се заложиме за хитно укинување на државниот фонд за здравство.

Ќе се залагаме сите граѓани на РМ да бидат здравствено осигурани и тоа преку приватни фондови,а средствата за здравствено осигурување да бидат финансиски установи и да функционираат самостојно во услови на пазарна економија.

Посебно да се даде приоритет на производство на лекови,со можност од привлекување странски кредити во оваа сфера.

Прометот со лекови целосно ќе се либерализира.

Ќе се води најстрога контрола на нивниот квалитет,а како главни дистрибутери ќе се јавуваат примарните здравствени организации кои ќе ги снабдуваат своите пациенти по најповолни цени.

## ПРАВЕДНА И ДОСТОИНСТВЕНА СТАРОСТ

Долготo траење на кризата опасно ја загрози социјалната сигурност на корисниците на пензиското и инвалидското осигурување,што предизвика доцнење на исплатата на пензиите и намалување на истите под егзистенцијалното ниво.

Решението го гледаме во развој на приватни пензиски фондови, а со можност да се направи целосна ревизија на досегашното работење на фондот за ПИОМ кој е фонд на дубиози и инкриминирани дејствија и се на штета на пензионерите кои цел живот одвојувале за подобра и достоинствена старост.

Старите луѓе со мали пензии се постојана мета на напуштање на младите и токму затоа ПЕИ има план за гарантирање на безбедна и достојна старост на пензионерите и сите стари лица.И тоа ,ќе ја зголемиме наплата на придонесите со тоа што ќе обезбедиме напредок на стопанството и негов развој,

а и ќе донесеме прописи за начин на функционирање на приватните пензиски фондови кои ќе постојат во интерес на граѓаните и пензионерите.

## ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА

Не постои успешен развој без успешна популациона политика.

Ние ќе го стимулираме планираниот наталитет,со бесплатно школство,здравство и тн.но и ќе се трудиме да има одредена изедначеност во наталитетот кој сега варира од регион во регион и придонесува за празнења на некои од регионите во РМ.

Семејството останува најважното извориште на принципите и доблестите што треба да не раководат во животот и е вистинско место за морално заздравување на општеството и за враќање кон потврдените вредности, што ќе создаде услови за морална и вредносна регенерација на општеството.

## ЖЕНИТЕ-РАМНОПРАВЕН ФАКТОР

Положбата на жените е значаен индикатор на општиот степен на демократичност и на цивилизациски развој на едно општество.

Рамноправноста меѓу половите во нашата земја е гарантирана со законска регулатива.Но во пракса,тоа често пати не е така.Неспорна е малата застапеност на жените во јавниот живот апосебно онаму каде се одлучува.а тоа е пред се поради наследените патријахални односи во општеството во целина,а многу значаен генератор за дополнителното влошување на положбата на жените а особено последниве години е слабиот економски развој. Поради тоа ние се залагаме :

- промена и дополнување на законската регулатива во врска со прашања специфично поврзани со женската популација /семејно насилство, злоупотреба на работно место,заштита на самохрани мајки и др./
- за збогатување на мрежата за здравствена заштита во поглед на советувалишта за планирање на семејството,здравствената заштита на мајките и др .

Партијата за Европска иднина во духот на Европската перспектива ќе се залага учеството на жените во ораганите и телата на партијата да биде над **20 %**.

## МЛАДИТЕ

Иднината на едно општество зависи од духовното и физичкото здравје на граѓаните,а особено на младите.Државата мора да смогне сили да обезбеди на младите услови за образование и работа.Младите не треба да бидат заробеници на дрогата,на алкохолот и другите пороци.

Затоа ние ќе обезбедиме нови работни места за младите,а исто така ќе створиме услови за творечки развој на младите а истите да ги следат современите техничко технолошки достигања во светот.

**СПОРТОТ**

Партијата за Европаска иднина ќе се залага:

-за нова концепција и стратегија за развојот на масовниот и врвниот спорт,според целите на популационата,образовната и здравствената политика,

-за воведување на современо методи за валоризација и категоризација на спортовите во Република Македонија,како основен критериум за нивно финансирање,

- за имплементација на странски позитивни стручни и научни искуства при формирањето на тренерскиот и стручниот кадар ,и

- за елиминирање на насилството и политиката во спортот.

**БЕЛЕШКА**

Оваа предлог програма е едногласно прифатена од иницијативниот одбор .
До нејзиното верификување може да претрпи одредени корекции.


**СОБРАНИЕ,**
**НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**

Ул. Bulevar Jane Sandanski , lamela 17, Trgovski centar- Tri Biseri nas. Aeorodrom 1000 Skopje

Скопје, тел. 070 249 367


**Скопје,Март 2006 година**

**СОБРАНИЕ НА**
**ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

______________________________

/ Цаноски Фијат /